

Христо Иванов Батанџиев  (1865 – 18. VI 1913) е македонски револуционер, еден од основоплoжниците на Македонската револуционерна организација (23. X / 4. XI 1893), Тој бил член на Централниот комитет и учесник на Солунскиот конгрес во 1896 година. Во Втората балканска војна грчките војски го уапсиле во Солун и при интернирањето кон островот Трикери бил мачен и бил фрлен во Егејското море.

Христо Иванов Батанџиев  е роден во 1865 година во Гуменџе, Ениџевардарско, Егејскиот дел на Македонија. Неговиот татко Иван бил свештеник во текот на 70 години на XIX век. Христо се школувал во родното Гуменџе и во Солун.

По завршувањето на образованието работел како учител во Гуменџе и Кукуш, а од 1888 до 1911 година учителствувал и во Солунската машка гимназија „Св. Кирил и Методија“ и бил секретар на егзархиската Црковно-училишна општина во Солун.

Христо Иванов Батанџиев бил патриот кој загрижен за судбината на Македонија и пристапил на групата македонски интелектуалци – истомисленици, кои во Солун ја основаат Македонската револуционерна организација. Имено, тој бил придобиен за револуционерното ослободително дело од Иван Хаџи Николов.

На 23 октомври 1893 година во куќата на книжарот Иван Хаџи Николов во Солун бил одржан основачкиот состанок на Македонската револуционерна организација (МРО). На овој ден, шестмината македонски дејци Христо Татарчев, Даме Груев, Петар Поп Арсов, Иван Хаџи Николов, Антов Димитров и Христо Батанџиев ги поставија темелите на Организацијата. Тогаш е создадена конспиративна група која ја нарекуваат Македонски револуционерен комитет.

Политичката цел на групата во која меѓудругите бил и Батанџиев била: автономија на Македонија, да се чува самостојноста на Организацијата, за да не падне под влијание на

политиката на владите на соседните слободни држави.

Христо Иванов Батанџиев бил член на Централниот комитет на МРО и во 1896 година учествува на Солунскиот конгрес, по кој Организацијата го започнува својот замав.

Во 1899 година, Христо Иванов Батанџиев се повлекол од Централниот комитет на МРО, а по Младотурската револуција во 1908 година активно се вклучува во Сојузот на бугарските конституциони клубови во Македонија.

Во јуни 1913 година, по избувнувањето на Втората балканска војна, Христо Батанџиев бил уапсен во Солун од грчките власти. Заедно со други Македонци бил натоварен на бродот „Екатерини“ за да биде интерниран на островот Трикери. Меѓутоа, тој никогаш не стигнал до островот. По пат бил мачен од грчките националисти и заедно со архимандритот Евлогиј Светиев бил фрлен во Егејското Море.